Бр. 12-1533/3
09.03.2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител на 16.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28-та седница одржана на 29.02.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од непознат подносител на 16.03.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1533/1 од 16.03.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости поврзани со исплата на плата на лицето ----------, како редовен професор на Технолошкиот факултет при Универзитетот "---------"-Скопје, чиј работен однос му е во мирување во Институтот за јавно здравје во Скопје, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-1533/1 од 16.03.2019 година, од причина што поднесената пријава не содржи доволно елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1533/1 од 16.03.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител. Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости поврзани со исплата на плата на лицето -------, како редовен професор на Технолошкиот факултет при Универзитетот "--------"-Скопје, чиј работен однос му е во мирување во Институтот ---------- во Скопје.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи доволно елементи кои би биле основ за постапување на Државната комисија во насока на проверка на наводи за постоење на сомневање за извршено дело кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk